Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 102-2224/13
15.05.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 102-2224/13
15.05.2023 год.-viti/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за градежништво трговија и услуги
АДРА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-1849/23
12.05.2023 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 119 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 19 од Договорот за набавка на работи, број 02-6886/2 од 18.11.2021 година и Анекс бр. 1 заверен со бр. 102-13228/1 од 15.12.2022 година и Анекс бр.2 заверен со бр. 102-1624/4 од 13.02.2023 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Договор бр. 03-3860/21 од 16.11.2021 година и Анекс бр. 1 заверен со бр. 03-4332/22 од 12.12.2022 година и Анекс бр.2 заверен со бр.03-326/23 од 08.02.2023 година, на Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје за „Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", а во врска со доставеното барање за склучување на анекс договор од 09.05.2023 година на __.__.2023 година се склучува следниот:

# АНЕКС БР.3
# НА
# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2. Друштво за градежништво, трговија и услуги АДРА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје ул. Пат за Батинци бр. 72, ЕМБС 5615674, ЕДБ 4030002437342, застапувано од управителот Милаим Мемедовски, (во натамошниот текст Изведувач), од друга страна.

### Член 1

Со овој Анекс бр. 3 кон Договорот за набавка на работи „Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", бр. 02-6886/2 од 18.11.2021 година и Анекс бр. 1 заверен со бр. 102-13228/1 од 15.12.2022 година и Анекс бр.2 заверен со бр. 102-1624/4 од 13.02.2023 година се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот - динамиката на извршување на работите, односно се врши измена и дополнување на Член 4 од основниот договор.

### Член 2

Согласно измената, член 4 од Основниот договор гласи:

Работите да се изведат во согласно со законските прописи за вршење на ваков вид работи - законот за градење, тендерската документација, техничката спецификација, предмер пресметката и доставената понуда.

Изведувачот е должен да ги изведе предвидените работи во рок од 16 календарски месеци.

Рокот за изведување на работите започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Изведувачот во работа.

Изведувањето на работите ќе се врши согласно барањата наведени во техничките спецификации – предмерот , основниот проект и доставениот динамички план за изведување на работите кој носителот на набавката треба да го достави по воведување во работа.

Времетраењето на договорот изнесува 40 месеци во кои се вклучени времето за изведување на работите од 16 месеци и гарантниот рок од 24 месеци.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Основниот Договорот и Анекс бр. 1 и Анекс бр.2 од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 5

Овој Анекс бр. 3 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 3 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

| ИНВЕСТИТОР, | ИЗВЕДУВАЧ, |
|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Друштво за градежништво, трговија и услуги |
| Министер | АДРА ДООЕЛ увоз – извоз |
| Љупчо Николовски | Управител |
| | Милаим Мемедовски |

Изработил: Моника Угриновска
Биљана Горгиевска – Бурачев
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Документација во врска со измените (член 119 став 7 од ЗЈН)
- Барање за продолжување на рок од страна на Изведувачот и мислење од надзорот за оправданоста за продолжување на ркокот од бр. 102-2224/9 од 10.02.2023 година
- Предлог техничко решение од страна на Изведувачот